**20262093318**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Управата за јавни приходи,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2026 година.

Бр. 08-5468/1
3 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Член 1

Во Законот за Управата за јавни приходи* („Службен весник на Република Македонија“ број 43/14, 61/15, 27/16, 35/18, 83/18 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/23 и 3/25), членот 10 се менува и гласи:

„(1) Со работата на Управата за јавни приходи раководи директор и заменик- директор кои ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за финансии.

(2) Директорот и заменик-директорот се именуваат за период од пет години.

(3) За директор и заменик-директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени согласно со Законот за високи раководители.

(4) За именување на директор и заменик-директор се спроведува постапка согласно со Законот за високи раководители.

(5) На директорот и заменик-директорот мандатот им престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешуваат и мандатот им престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители. Одлуката за разрешување ја донесува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за финансии.“.

Член 2

Членот 11 се менува и гласи:

„Министерот за финансии најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на директорот, односно заменик-директорот, ја иницира постапката за именување директор, односно заменик-директор, согласно со Законот за високи раководители.“.

Член 3

Директорот и заменик-директорот именувани до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кои се именувани.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.